**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 декември 2016 година

## Соопштение за печат

## Позначајни промени кај надворешниот долг, надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција: трет квартал 2016 година

На 30.9.2016 година **надворешниот долг, на нето-основа** изнесува 2.586 милиони евра, при квартален раст од 33 милиони евра, главно заради зголемување на приватниот нето-долг за 32 милиона евра, додека јавниот нето-долг во текот на третиот квартал е зголемен за само 1 милион евра. На крајот на третиот квартал од 2016 година **бруто надворешниот долг** изнесува 7.504 милиони евра и спореден со состојбата на крајот на претходниот квартал е зголемен за 624 милиона евра, што главно произлегува од новата емисија на петгодишна евро-обврзница од страна на државата, во номинален износ од 450 милиони евра. **Бруто надворешните побарувања** изнесуваат 4.918 милиони евра и бележат квартално зголемување за 591 милион евра, што произлегува од порастот на побарувањата на јавниот сектор.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција** во текот на третиот квартал од 2016 година е зголемена за 50 милиони евра, што во поголем дел произлегува од геспоменатиот раст на нето надворешниот долг (за 33 милиони евра).

### Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2015 | | 30.06.2016 | | 30.09.2016 | | квартална промена | | | промена во однос на крај на претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **6,290.5** | **69.4** | **6,880.3** | **71.6** | **7,503.9** | **78.1** | **623.6** | **9.1** | **6.5** | **1,213.4** | **19.3** | **8.7** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***6,290.5*** | ***69.4*** | ***6,593.1*** | ***68.6*** | ***7,151.5*** | ***74.4*** | **558.4** | **8.5** | **5.8** | **861.0** | **13.7** | **5.0** |
| Долгорочен долг | 4,949.5 | 54.6 | 5,072.6 | 52.8 | 5,611.3 | 58.4 | 538.8 | 10.6 | **5.6** | 661.8 | 13.4 | **3.8** |
| Краткорочен долг | 1,341.0 | 14.8 | 1,807.8 | 18.8 | 1,892.6 | 19.7 | 84.8 | 4.7 | **0.9** | 551.6 | 41.1 | **4.9** |
| Јавен долг | 2,933.7 | 32.4 | 3,283.1 | 34.2 | 3,891.1 | 40.5 | 608.1 | 18.5 | **6.3** | 957.4 | 32.6 | **8.1** |
| Приватен долг | 3,356.9 | 37.0 | 3,597.3 | 37.4 | 3,612.8 | 37.6 | 15.5 | 0.4 | **0.2** | 255.9 | 7.6 | **0.5** |
| **Бруто надворешни побарувања** | **4,039.4** | **44.6** | **4,327.5** | **45.0** | **4,918.0** | **51.2** | **590.6** | **13.6** | **6.1** | **878.7** | **21.8** | **6.6** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***4,039.4*** | ***44.6*** | ***4,040.3*** | ***42.0*** | ***4,565.0*** | ***47.5*** | **524.7** | **13.0** | **5.5** | **525.6** | **13.0** | **2.9** |
| **Нето надворешен долг** | **2,251.2** | **24.84** | **2,552.8** | **26.6** | **2,585.9** | **26.9** | **33.0** | **1.3** | **0.3** | **334.7** | **14.9** | **2.1** |
| **МИП, нето** | **-5,082.7** | **-56.1** | **-5,438.5** | **-56.6** | **-5,488.6** | **-57.1** | **-50.1** | **0.9** | **-0.5** | **-405.9** | **8.0** | **-1.0** |

* Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е претходен (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија“ од 30.9.2016 година). Податокот за 2016 година е проекција на НБРМ.
Извор: НБРМ, ДЗС.

## *Бруто надворешен долг*

На крајот на третиот квартал од 2016 година бруто надворешниот долг изнесува 7.504 милиони евра (78,1% од проектираниот БДП за оваа година). Доколку се исклучи ефектот од зголемувањето на обврските на монетарната власт (централната банка) врз основа на репо-трансакциите на Народната банка во рамки на управувањето со девизните резерви[1],

[1]При склучувањето на репо-трансакциите, се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми“) коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските, и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

бруто надворешниот долг изнесува 7.152 милиони евра (74,4% од проектираниот БДП за 2016 година).







Извор: НБРМ.

Растот на бруто надворешниот долг во третиот квартал на 2016 година најмногу се должи на растот на јавниот долг за 543 милиони евра (со исклучен ефект од репо-трансакциите), додека приватниот долг бележи мал раст од 16 милиони евра. Притоа, јавниот долг се зголемува главно кај секторот „држава“, заради новата емисија на евро-обврзници, а делумно и заради ценовни промени на останатите хартиите од вредност издадени од страна на државата на странски пазари.

Споредено со крајот на 2015 година, долгот на јавниот сектор е зголемен за 605 милиони евра (со исклучен ефект од репо-трансакциите на централната банка), а на приватниот сектор за 256 милиони евра.

## *Бруто надворешни побарувања*

На крајот на септември 2016 година бруто надворешните побарувања во износ од 4.918 милиони евра, изнесуваат 51,2% од проектираниот БДП за оваа година. Доколку се исклучи ефектот од обратните репо-трансакции на централната банка, бруто надворешните побарувања изнесуваат 4.040 милиони евра (47,5% од проектираниот БДП за оваа година).

Зголемувањето на бруто надворешните побарувања во третиот квартал на 2016 година се објаснува со зголемувањето на јавните побарувања за 541 милион евра (со исклучен ефект од обратните репо-трансакции на централната банка), наспроти минималното намалување на приватните побарувања (за 16 милиони евра).

Споредено со крајот на 2015 година, поинтензивен раст бележиме кај јавните побарувања за 376 милиони евра (со исклучен ефект од обратните репо-трансакции на централната банка), при помал раст кај приватните надворешни побарувања (за 150 милиони евра).







Извор: НБРМ.

## ***Нето надворешен долг***

Нето надворешниот долг на земјата во третиот квартал се зголеми и достигна ниво од 26,9% од проектираниот БДП, во услови на поизразен раст на бруто надворешниот долг во однос на растот на бруто надворешните побарувања (за 33 милиони евра). Приватниот нето-долг и натаму има позначајно учество во вкупниот нето-долг од 57,5%.







Извор: НБРМ.

## ***Меѓународна инвестициска позиција, нето***

Во текот на третиот квартал на 2016 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) е зголемена за 50 милиони евра, достигнувајќи 5.489 милиони евра (57,1% од БДП). Од аспект на структурата на нето МИП, најголем дел (81,1%) претставуваат нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 73,8% се врз основа на сопственички капитал.

Кварталниот раст на негативната нето МИП, е резултат на растот на обврските (од 654 милиони евра), при истовремен, но помал раст на средствата (од 604 милиони евра).

Гледано по инструменти, нето-обврските врз основа на должнички инструменти бележат зголемување за 33 милиони евра, додека врз основа на сопственички инструменти се зголемени за 17 милиони евра.







Извор: НБРМ.

## *Ревизии на податоци*

Податоците за бруто надворешниот долг и побарувања, како и за меѓународната инвестициска позиција во ова соопштение содржат редовни ревизии на податоците за периодот јануари - јуни 2016 година. Ревизиите главно произлегуваат од новите податоци добиени од квартални извештаи за остварениот и планираниот финансиски резултат во тековната година на друштвата со вложувања од странство и квартални извештаи за побарувањата и обврските врз основа на комерцијално работење на резидентите со странство. Ревизијата на податоците од овие два извора доведе до понизок нето-долг во вториот квартал на 2016 година за 33 милиони евра, како и повисока негативна нето меѓународна инвестициска позиција за 2 милиона евра.

## *Придружни информации*

Временски серии податоци - годишни и квартални податоци за бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatotsi6b5c8e8e.nspx

Временски серии податоци - годишни и квартални податоци за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatotsi6a1d834a.nspx

Квартални информации за бруто надворешниот долг, бруто надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-informatsii.nspx

Методолошки појаснувања за бруто надворешниот долг и побарувања:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatotsi6b5c8e8e.nspx

Методолошки појаснувања за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatotsi6a1d834a.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување на податоците:
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален бруто надворешен долг, бруто надворешни побарувања и меѓународна инвестициска позиција: 31 март 2017 (референтен пресек заклучно со декември 2016 и ревизија на податоците за период јануари - септември 2016 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).